**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 мај 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места, наскоро ќе продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа по 42-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велију, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Илинка Митрева, Никола Поповски, Лазар Китановски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Радмила Шекеринска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за банките, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставено односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот заменик министер за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници,

Овој закон е предвиден со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија. Основната причина поради која пристапува кон подготовка на овој закон е јакнење на стабилноста и сигурноста на банкарскиот сектор како доминантен сегмент на финансискиот сектор во Република Македонија и фактор кој влијае на состојбите и развојот на целокупната економија во Македонија. Не помалку значајна причина е нашата амбиција за што побрзо отпочнување на преговорите за членство во Европската унија, што подразбира исполнување на одредени стандарди и усогласување на домашното законодавство со законодавството на Европската унија.

Исто така, заради поголема стабилноста и сигурност на банкарскиот систем во Република Македонија неопходно е усогласување со Базелските принципи за ефикасна банкарска супер визија. Новите решенија што се содржани со овој Предлог на закон, според наша оценка и кои што заслужуваат посебна акцентирање би биле следните: капиталниот цензус за основање на банак, се зголемува од 3,5 милиони евра на 5 милиони евра, што е минималниот износ на капитален цензус во согласност со банкарската директива на Европската унија. Но, паралелно со зголемување на овој капитален цензус е зголемен и опфатот на финансиските активности што може да ги врши така наречената банка со мало овластување. Тенденцијата е постепено, но во целост да се напушти двојниот капитален ценсуз во Република Македонија, како нестандарден механизам за заштита.

Второ, постојното ограничување за вложувањата на банките во другите финансиски институции е целосно укинато, со што се овозможува и стимулира сопственичко преструктуирање на финансискиот сектор во Република Македонија.

Понатаму, посебно би сакал да ја истакнам либерализацијата на пазарот преку овозможување на странски банки да отворат филијали во Република Македонија.

Со ваквата либерализација на пазарот, не значи дека ќе се дозволи не контролиран и неселективен влез на странски банки во Република Македонија. Напротив, за отворањето на филијали е потребна дозвола од Народната банка на Република Македонија, поточно од гувернерот на Народаната банка, која ќе се издаде доколку бидат исполнети неколку услови, меѓу кои побитни се следниве: филијали можат да отворат само првокласни банки со соодветен висок рејтинг, добиени од меѓународни рејтинг-агенции. Се знае кои се тие меѓународни рејтинг-агенции. Потребен е минимален депозит од 120 милиони денари, или 2 милиони евра, кои пари треба да бидат вложени во банки со седиште во Република Македонија. Понатаму, дозвола од овластен супервизорски орган за отворање на таа филијала, доказ за постоење на адекватна супервизија на банката основач, листа на акционери со квалификувано учество во банката основач, податоци за идентитетот, образованието и професионалното искуство на лицата кои ќе управуваат со таа филијала.

Во насока на доброто кооперативно управување, зајакнати се исто така и односите помеѓу управниот одбор, надзорниот одбор и акционерите. Во делумно органите на управување во банката извршено е терминолошко усогласување со одредбите од Законот за трговски друштва. Зајакнати се овластувањата на надзорниот одбор со овој закон и наметната е обврската надзорниот одбор да формира служба за внатрешна ревизија во банките, како посебен организационен дел на самата банка.

Исто така, заради значајната улога на банките во економијата, нивната чувствителност на постојаните проблеми во работењето, од особена важност е да се воспостават основите за ефикасна и ефективна супервизија во банките. Во таа смисла во новиот закон за банки се

инкорпорирани Базелските принципи и практики за прудентно работење на банките и во нив се регулираат основните супервизорски стандарди. Новиот закон исто така ги систематизира мерките што може да ги преземе супервизијата и тоа според тежината на пропустите и незаконитостите во работењето. Но, треба да се има предвид дека да се воведуваат нови мерки кои се насочени кон времено спречување на натамошното влошување на состојбата на банките, тоа се превентивни мерки, а се со цел да се заштитат депонентите на таа банка. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господин заменик министре.

Има збор господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Како што истакна и заменик министерот за финансии, за денешната расправа имаме еден исклучителен значаен закон. Тоа е Законот за банките. Се согласувам со изјаснувањето на заменик министерот дека овој закон е од исклучителна важност за Република Македонија.

Од друга страна, морам да ви кажам ова што ми е нејасно, зошто Владата, а тоа го зборував и на некои членови на Комисијата за финансирање и буџет, можеби ќе дојде повторување, но само што ќе го отворите законот, првата станица, пишува со оглед на тоа што не е во прашање ниту сложен, ниту обемен закон, Владата согласно член 152 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија кон предлогот за донесување на закон поднесува и предлог на овој закон и предлага по нив да се расправа на иста седница на Собранието. Така да, Владата е контрадикторна и препишувајќи го само овој став од Деловникот, самата себе се негира. Од една страна му дава исклучителна важност на законот, тоа што е така и така треба да биде, а од друга страна во самиот допис што го има до пратениците, вели не се работи за сложен и обемен закон, што значи Владата не е доследна при донесувањето на овој закон.

Втората работа шта сакам да ја истакнам е колку да сака човек да дискутира по овој значен закон во оваа фаза е беспредменто да се дискутира, заради тоа што дискусиите и укажувањата кои што треба да бидат при предлогот за донесување на закон даваат можност ние пратениците да укажеме на одредени решенија кои што се дадени во законот и врз основа на една таква расправа, Владата треба да ги согледа сите укажувања и забелешки од пратениците од надлежните комисии и врз основа на тоа да прифати или да не прифати одредени укажувања и забелешки кои што би оделе по однос на донесувањето на законот. Неоспорна е потребата од донесувањето на овој закон, но исто така неоспорно е тоа дека на пратениците требаше да им се овозможи да можат да учествуваат во донесувањето на овој закон, адекватно на вниманието кое што го заслужува овој закон.

На овој закон се работи доста долго во Република Македонија, работеше уште претходната Влада, долг период, не знам колку точно временски. Оваа Влада ја наследи таа верзија од претходната Влада која што беше изработена и како што истакна самиот министер за финансии на Комисијата на 29 декември го истакнал законот на веб-страницата за одредени забелешки да можат да дадат сите заинтересирани страни. За жал, само за оние кои се најповикани за овој закон, а тоа се пратениците во Собранието на Република Македонија, да им се остави простор од 6-7 дена да можат да поднесат амандмани, што ќе се согласите сите дека за тој перод не можете ни да го прочитате овој закон, а камо ли да поднесете некои квалитетни амандмани и плус тоа да можете да консултирате одредени експерти од оваа област и заинтересирани страни, тоа се пред се банките во Република Македонија.

Јас овде ги имам забелешките од банките во Република Македонија кои што ги има во овој закон. Министерот рече дека разговарале во рамките на Стопанска комора, но скоро да нема член од овој закон на кои што банките немаат забелешка и споредувајќи ги забелешките кои што ги имаат банките од Република Македонија на законот и решенијата кои што се дадени во законот, предложени од страна на Владата во 99% тие мислења на претставниците на банките не се земени предвид при законските решенија.

Мислам дека тоа е една негативна страна и не е добро за законот, не дека се тие за се потполно во право, можеби за некои решенија поаѓаат и од заштита на своите интереси на стопанските субјекти, во овој случај на банките, но голем дел од предлозите заслужуваат внимание. Така да, навистина беспредметно ќе биде долга расправа по оштиот претрес на законот, бидејќи нема никаква можност, Владата да ги разгледа забелешките на пратениците и врз основа на тоа да предложи адекватни измени. Така да, ќе мораме директно со амандманите што ги имаме предложено и не сакам да верувам во тоа дека целта и беше на Владата доцна да ни го достави овој закон, да ни остави 6-7 дена за поднесување на амандмани, за да не можеме квалитетно да учествуваме во расправата, но, не упатува на еден таков заклучок.

Две работи се суштински кои што се за расправа по однос на проблематиката која што ја третира овој закон. Министерот, односно заменик министерот во своето излагање вели дека една од главните причини за да се донесе законот е тоа што е зголемен капиталниот цензус за отворањето на банките на пет милиони евра или уште колку точно да не зборуваме. И вели, тоа е со цел да се напушти досегашното решение за двојниот цензус при основањето и работењето на банките. Ако е така, тогаш се поставува основното прашање. Зошто имате повторно двоен цензус? Тоа е следново: за домашна банка

да отворите ви треба цензус од 5 милиони евра. А филијала на странска банка ви е доволно 120 милиони, или 2 милиони евра кои ќе бидат депозит преку Народна банка во одредена комерцијална банка во Република Македонија. Кога мислам комерцијална мислам општо на сите банки во своето работење, не само на една банка која што го носи тоа име. Што значи, не е точно дека го избегнувате двојниот цензус. Ако тоа се оправдува со објаснувањето дека се либерализира македонскиот пазар, за да се зголеми конкуренцијата, тоа е во ред. Но, зошто ги ставате тогаш во нерамноправна положба на ист фудбалски стадион да играат професионалец кој што ги има сите услови и ќе ставите аматер на кој што му поставувате дупло поголеми обврски и да се натпреварува. Мислам дека тоа не е добро и дека не е онака како што се изјаснуваат од Владата дека се напушта двојниот цензус и дека сите субјекти ќе бидат рамноправни на пазарот на капитал.

Во настојувањето под плаштот на странски инвеститори сметам дека премногу рестриктивно се однесуваме кон домашните компани.

И тоа мислам дека нема да оди во добра насока.

Второто, исто така дискутабилно прашање за кое што имам поднесено и конкретен амандман е на членот 62. Членот 62 регулира однос на продажбата на акции, на акционер со квалификувано учество и каде што има одредени проценти од 5, 10, 20, 33, 50 и 75% дека имателот на тие акции е должен најмалку еден месец пред да се реализира намалувањето да ја извести Народната банка. За тоа можеби ќе зборуваме кога ќе биде амандманот, иако и на Комисија за финансирање и буџет се расправавме.

Во услови кога сакаме да се развие пазарот на капитал не сметате ли како што имам и во самиот амандман изнесено дека е премногу опасно некој да поседува таква ценовна информација, однапред еден месец некој да знае за продажбата на акции, односно на одреден капитал и на можната злоупотреба на ваквата ценовна информација. На Комисија се обиде министерот тоа да ни го објасни во склад со директивите, не знам што,не знам како. Но, искуството во Република Македонија не ни нуди сигурност во еден таков систем. Морам да кажам дека одредени реќенија во законот се навистина дискутабилни. Го зборувавме, ќе повторам, на Комисија, поимот репутација. Во објаснувањето, тоа е за член 13 по точка 4. Сега да ви го прочитам објаснувањето што подразбира под репутација. А ако нема некој репутација не може да биде акционер во банка. А еве што подразбира предлагачот под репутација: чесност, чесен пионерски збор, компетентност, работливост и поседување особини кои даваат сигурност дека лицето нема да влијае во насока на загрозување на стабилноста и сигурноста на банка и нарушување на нејзиниот углед и доверба. Врз основа на што вие ќе одредите дали има некој репутација, врз на ова овде што ви е кажано, или пак ќе се дозволи дискреционо право на некој и ќе каже дека од денес лицето икс нема репутација во јавноста и ќе му го одземете правото да биде акционер во банка. Мислам дека тоа решение не е добро.

Не би сакал повеќе да должам со оглед на тоа што навистина нема цел зборувањето. Оваа Влада, односно овој премиер и министер ќе останат запаметени од кои интереси ги укинуваат чековите по тековните сметки како што до сега беа гарантираните чекови по тековни сметки. За тоа нема објаснување, иако деновиве банките со меѓубанкарски договор, колку што имав можност да видам во медиумите настојуваат на одреден начин да го регулираат. Но информациите колку што се во медиумите се дека нема повеќе да има гарантирани чекови по тековни сметки. И би завршил со тоа, би замолил, како што замолив на Комисија. Четиричлената Комисија гласавме за мојот предлог овој закон да оди во две фази, да можеме да продискутираме околу одредени решенија. Владата да ги разгледа тие предлози на пратениците и да го испочитуваме сепак рокот до крајот на јуни 2007 година да го донесеме овој закон заради исполнување на обврските за кандидатурата за членство во Европската унија, што значи за еден месец повторно може да се врати во собраниска процедура и можеме до крајот на јуни да го донесеме. Навистина ако сакаме да имаме квалитетен закон и ако сакаме да кажеме дека пратениците учествуваа во расправата, јас сум убеден верувајте ми, јас се интересирам за овој закон и немав доволно време да го прочитам и проанализирам, а верувам дека голем дел од вас пратениците кои што имаат афинитети кон други области, повеќе кон политички систем, некои кон надворешна политика, некои кон одбрана, или било што други, градежништво и ред други работи, дека немаа време ниту да го прочитаат овој закон, а ќе треба да го изгласаме.

И на крајот би завршил со тоа, со заклучокот, мислам дека решението кое што се однесува на отварањето на филијалите и неадекватниот рамноправен однос на субјектите во Република Македонија е дискутабилен и од уставен аспект. Владата треба и на тој план да размисли.

Јас ќе гласам за Предлогот за донесување на закон и за потребата за донесување на закон. Но, ако Собранието одлучи на оваа седница да се гласа и Предлогот на закон, таквиот став нема да го подржам. Во благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Пред да му дадам збор на господинот Љубисав Иванов Ѕинго, би сакал во интерес на точноста и строгоста на говорот во Парламентот да ве исправам во еден став. Имено, вие тврдевте дека време за размислување за овој закон е 6 до 7 дена, Според Извештајот кој сега го добив од службите седницата е закажана со овој дневен ред на 19 април, закажана е за 7 мај. Од 19 април до 7 мај има повеќе од 7 дена, а денес е 17 мај.

**Слободан Најдовски:** Ве молам претседателе внимателно да слушате. Јас реков 7 дена за

поднесување на амандмани. Седницата беше закажана за 7 мај. Но, амандманите по законот прво ни рековте дека до втори можат да се поднесуваат и со еден ден неработен кој што го продолживте. Помеѓу денот на одржување и поднесување на амандман, има разлика.

**Љубиша Георгиевски:** Да. Но, вие, вашиот лајтмотив на говорот беше немање време за размислување.

**Слободан најдовски:** Па 7 дена имате. Претседателе, после откога ќе заврши времето за поднесување на амандмани, џабе вие го имате времето за гледање на законот.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, вие сте во право.

Има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Благодарам претседателе. Веднаш на почетокот да кажам дека овој закон обработува една многу сложена значајна област во државата. И самиот закон според тоа мора да има една голема тежина, подлабоки анализи и студии и можеби некои модели на примена на овој закон во одредени делови на овој финансиски сектор. Тоа го немаме направено и ние влегуваме во една голема непозханица.

Втора работа на која што уште во почетокот сакам да укажам дека 16,17 години непрекинато зборуваме дека овој закон мораме да го донесеме ваков, затоа што имаме обврска спрема Меѓународниот монетарен фонд, спрема Светската банка, и спрема директивите од Европската унија. Да би после 4, 5, 6 месеци, некој пат и неколку месеци произлегло дека тој закон не сме го донеле, ниту спрема аранжманот со ММФ, или со Светската банка илипак спрема упатставата и директивите од Европа. Никој пат, а често пати сум инсистирал да се покаже, да се стави во прилог кога се носи овој закон, вакови закони кога се носат да ни се ставаат директиви да ги прочитаме. Зошто го велам тоа? Затоа што ние често пати сем во ситуација и на моменти да бидеме измамени како пратеници. Не зборувам само во конкретниот случај. Бидејќи тие директиви важат за сите земји и за членките што се во Европската унија и за оние што вчера влегоа и за оние што многу порано влегоа. Меѓутоа, ваков закон не сретнав во ни една земја во нашето опкружување. Ние практично со недоволно студирање и недоволно размислување носиме закони кои што во праксата не ги даваат саканите резултати и ги нема ефектите од законите. А тоа е море на закони. Не само овој Парламент, туку тоа се одвиваат како процеси веќе 15, 16 години. И секој пат така набрзина донесени закони и непочитувајќи ги мислењата и ставовите на институциите за кои што овој закон се носи, а во крајна линија и на граѓаните, секој пат можам да кажам редовно се покажува дека тие закони не носат бенефит, од нив нема ефекти. Ние од една страна зборуваме дека сакаме во оваа сфера да почне да пристигнува и да влегува и странски капитал, да доаѓаат свежи финансиски средства. Од друга страна со ред мерки кои што ги ставаме во законот практично тоа го спречуваме. И не само тоа, туку кога се работи за странски субјекти и за домашни субјекти, тие се поставуваат во различни положби, а тоа ако сакате морам да ви кажам дека е неуставно. Ние таков случај имавме со индустриската зона, еве таков случај ни се протнува и во овој закон, такви случаи ни се протнуваат и во други закони. Според тоа, ние ги дестимулираме домашните инвеститори и домашните граѓани своите средства да ги вложуваат во овој дел од нашето работење и стопанисување. Ние само пред неколку месеци донесовме измена на Законот за банките во кој што практично му дадовме неограничена власт на гувернерот. Не зборувам само за овој гувернер, тој можеби ќе биде уште 2 години, 3 години, 4 години, па ќе дојде нов гувернер. Зборувам воопшто за функцијата на гувернерот. Ние исклучивме пред три месеци право на субјектите да можат да се жалат до советите на банките. Единствено останува да го бараат своето право пред Врховниот суд, во управен спор каде што ќе се одлучува после 2, 3, 4, 5, 6 години, знаеме каква е ефикасноста. И во една таква правна хаварија, ве молам кој има сега смелост да оди во една ваква област и да инвестира сопствени пари. Сега повторно носиме такви огромни овластувања на гувернерот на банката какви што може само да има во високо развиените земји со огромен капитал, во земји во кои што доаѓа и доста перен капитал, во земји кои што обилуваат со капитал и т.н., земји во кои што доаѓа капитал од подрачја од земји со сомнително потекло и т.н. ние дословно препишуваме такви норми и донесуваме такви овластувања на гувернерот, при што може да настапи огромен хаос во државата. Нешто за тоа зборуваше пратеникот Најдовски. Кој е тој што ќе купи акции во банка каде што не е тој господар, кој е тој кој што ќе купи акции за кои одлучува некој друг кој што во секој момент може да му ги одземе и да ги продаде. Која е таа фирма, која компанија, тој човек што ќе се изложи на вакви ризици. Јас никој пат не би можел да прифатам некој со моите пари да управува и да има толкави овластувања практично да може моите пари да ги уништи. И предвидените норми кој може да биде акционер, па тоа е се смешно. Кои се тие мерки дека некој е чесен. И другите критериуми, со што ќе го измериме тоа, со метар, со килограм, со која мерка, или тоа само се прави една маска за пресметки и т.н. Тоа е опасноста голема во банкарскиот систем кога се концентрира една таква огромна власт во една личност. Па саудискиот Крал нема вакви огромни овластувања.

Што се случува сега кај нас? Ни рекоа: директива, Европа, чуда. Па не сме само ние. До кога ние само ќе зборуваме дека ова го носиме под притисок за да влеземе во Европа, а се сме подалеку, како што сето тоа го зборуваме, утре ќе влеземе во НАТО, а се подалеку. Наместо да ги правиме законите онака како што најдобро ќе

функционираат во друштвото и ќе ни донесат најголеми користи при што мислам и отворено го кажувам и го кажував тоа, дека мораме во банкарскиот систем да имаме многу полиберален однос, како што е тоа во Луксембург, како што е тоа во Кипар, како што е тоа во многу држави во Европа, во Европската унија и т.н. А ние со такви рестриктивни закони практично ја отстрануваме можноста на прилив на финансиски средства од надвор. Не можам да прифатам вакви норми и како човек и како стопанственик и како човек кој се бавам со стопанство преку 40 години. Никој пат во животот рестрикциите не носеле среќа. Либерализацијата е таа што го довела човечштвото во страотниот развој. И ние по тој пат тргнавме некаде во 90-тите години, што значи вакви рестриктивни, конзервативни мерки, каде тоа не води, каков ние имаме банкарски богат систем и банки со огромни капитали за да направиме рестрикција во целата таа област.

Јас не сум сретнал во било која држава, освен во високо развиените земји, закони со вакви крупни рестриктивни мерки и во вакви крупни овластувања на еден човек, а тој човек не е постојан, ние знаеме дека сите луѓе ги поставуваме по партиска линија, и знаеме дека тие луѓе се главно партиски војници, знаеме што можат да направат во одредени банки и тн. Замислете вие банка која има големо влијание кај гувернерот на банката што може заеднички и на кој брз начин можат да уништат конкурентна банка многу едноставно, се законито и ефикасно. Тоа е една работа.

Друга работа, ние законите ги носиме, кои имаат влијание и на субјектите кои се оформени, регистрирани и работат веќе во државата. Таков случај беше со банките од 1992, 1993, 1994 година кога цензусот непрекинато се зголемуваше, за потоа кога дојде за министер за финансии господинот Груевски да почне да го смалува тој цензус. Видовме кај не однесе ѓаволот, видовме дека нема да имаме банкарски систем, дека целата работа ќе се сведе на неколку банки, дека на тој начин создаваме голем монопол. А со намалувањето на цензусот се оформија многу повеќе банки и се направи една конкуренција. Резултат од конкуренцијата е намалување на каматите. Веќе можеме да зборуваме за камати од 6%, 7%, 8% и тн., кои можат со мерките на кредитно монетарната политика уште да се намалуваат. Не со вакви закони. Со вакви закони каматите ќе растат. Конкуренцијата ќе се елиминира. Ваквите закони одат само во прилог на големите банки кои станаа големи со државни капитали, со државни пари.

Според тоа, несфатливо ми е, еве, сега ќе се донесе и закон за осигурителните друштва, не ми е јасно што сака да се постигне да се елиминираат домашни компании, да се елиминираат домашни банки, да се уништат одделни банки кои не припаѓаат на оние кои владеат со моменталните состојби и ние ќе имаме трагикомични состојби во тој поглед.

(Во салата делумно настана прекин на електричното осветлување).

Еве, јас ќе завршам затоа што нема струја и би му предложил на министерот исто така да предложи овој закон да се донесе во две фази, и самиот да го проучи и да направи една екипа од врвни стручњаци кои ќе предложат еден корисен закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Јас се извинувам, за овој важен закон сакав да бидам тука со вас од самиот почеток, но заради потпишување на еден важен протокол со висока германска делегација бев спречен да бидам од самиот почеток на седницата и жалам што пропуштив дел од дискусијата на господинот Најдовски, но веројатно беше она што го дискутиравме претходно на Комисијата за финансирање и буџет. Сакам да кажам неколку напомени, а воведното излагање беше дадено од страна на мојот заменик, во врска со некои тези што беа тука изнесени во дискусиите.

Имено, ќе си дозволам малку надвор од контекст да ја насловам оваа моја дискусија со еден работен наслов "Добредојдовте во 21-ви век". Ќе биде јасно зошто го кажувам тоа.

Почитувани, ова е еден од ретките закони кои во изминатите неколку месеци се донесени од овој Парламент кој е толку дискутиран во јавноста. Имено, и самата подготовка која што трае долго беше продолжена за неколку месеци заради некои иновации кои предизвикаа поширок интерес во јавноста. Тоа беше особено стратешката одлука на Владата на Република Македонија да овозможи неколку месеци пред рокот влез на странски банки преку филијали. Да потсетам, Република Македонија е обврзана со одредбите на Светската трговска организација да овозможи влез на филијали на странски банки од 1 јануари 2008 година и одлучивме заради потребата од либерализација на банкарскиот систем на Република Македонија тоа да го направиме малку порано.

Значи во овој период, а особено од 29 декември 2006 година кога беше првиот нацрт на овој закон подготвен и ставен на веб страницата на Министерството за финансии се води жива расправа во оние најзаинтересирани кругови. До сите банки во Република Македонија доставивме, за тоа имаме и документација, писмено барање, замолница да доставаат свои предлози и сугестии по Нацрт-текстот на законот. Голем број на банки тоа го направија. Одржавме најмалку две средби во Стопанската комора на Република Македонија со Здружението за банкарство и таму добивме корисни сугестии. Од тие дискусии не остана некоја сериозна забелешка, како што беа некои понови во дискусиите што беа изнесени тука и морам да нагласам дека не се согласувам дека овој закон се донесува набрзина. Тој е подготвуван детално, Македонскиот парламент

како што беше спомнато од почитуваниот претседател на Собранието имаше доволно време да го погледне овој закон.

Мислењата на заинтересираните страни се почитувани и голем број од тие мислења се внесени во текстот кој што е ставен тука на разгледување.

Сакам да споменам или да одговорам на една загриженост што беше истакната и во време на јавната дебата и за време на дискусиите во Комисијата за финансирање и буџет, а и сега. Имено, дека се даваат преголеми овластувања на една институција или поточно на една личност, а тоа е гувернерот на Народната банка на Република Македонија. Господинот Љубисав Иванов со право истакна дека тоа веќе е направено со измените и дополнувањата на Закноот за Народна банка, кој што го усвои Македонскиот парламент уште во текот на минатата односно кон крајот на минатата година.

Почитувани, мојот одговор или мојата забелешка е следната:

Ниеден минситер за финансии во светот не е многу среќен кога на малку конкурентска институција во областа на финансиите како што е Народната банка и се даваат поголеми ингеренции. Морам да кажам дека тоа се однесува во нашиот случај. Тоа го правиме сега затоа што тоа е веќе стандард не само во развиениот свет, туку и во земјите во соседството, некои од нив веќе земји членки на Европската унија. За стравувањето дека се концентрираат големи ингеренции во една институција или во една личност, гувернерот, јас ќе ве потсетам дека токму овој дом, токму вие сте тие што имате ексклузивно право и единствено право на контрола врз таа институција. Кој го назначува гувернерот, кој го избира гувернерот на предлог на претседателот? Парламентот. Кој еднаш годишно ги прегледува извештаите од работењето на Народна банка, а со тоа и на гувернерот? Македонскиот парламент. Нашиот Устав и нашите закнои предвиделе систем на проверка на чексен балансис и верувајте, банките, Народна банка, парламентите, владите и другите институции како што се универзитетите, секогаш функционираат на едно големо ниво на доверба од стандардното, кое што се дава заради традициите и заради очекувањето дека луѓето ќе се однесуваат во рамките на тие изградени традиции одговорно. Ако не се однесуваат одговорно, за среќа, има корективи. Вие сте крајниот коректив, ќе дојде и гувернерот на Народна банка да ги образлага своите постапки, своите политики и сега и во иднина. Тогаш ќе имаме можност до колку има потреба да укажеме на некое несоодветно однесување од аспект на она што се дава во законот како ингеренција.

Се укажува на тоа дека законот бил рестриктивен и дека нема да помогнел или ќе ја намалел конкуренцијата во македонскиот банкарски систем. Овој закон почитувани се носи токму заради тоа што во нашиот банкарски систем до пред некој месец и немавме конкуренција. Јас не се согласувам дека од 2000 година, со некои измени во цензусите се овозможил процвет на македонскиот банкарски систем, па ќе прашам кои банки се новоосновани по 2000-та година. Можам да се сетам на неколку, но со странски капитал, да не наведувам сега имиња. Нема домашен капитал, нема домашни банки, домашни инвеститори, а постојните, особено помалите банки останаа во сенка на поголемите. Само три банки во Република Македонија доминираа со вкупната актива и со вкупниот кредитен потенцијал и со вкупните активности и тоа во услови кога во степен на многу ниско ниво на меѓусебна конкуренција и многу низок степен на корпорациско управување внатре во банките, поврзано со претпријатија кои и самите беа многу слабо корпорациски управувани и контролирани, имавме една неодржлива ситуација. За среќа, почитувани, јас чувствувам, а се надевам и голем број од вас гледаат дека тука нешто радикално се менува, некои волшебни застоени синџири на неефикасност веќе се разбиваат, нешто се случува и ќе се случува во македонскиот финансиски систем и во македонскиот банкарски сектор. А оние кои што сакаат да го следат текот на времето, имаат шанса да го направат тоа.

Во однос на ова решение кое што како што реков за три месеци го продолжи рокот за подготовка на законот, влезот или можноста за влез на странски банки преку филијали, во експозето на мојто заменик беше напомнато она што и го објаснивме на македонската јавност. Ние сакаме да ја зголемиме конкуренцијата, го либералзираме пазарот, но многу внимателно. Само првокласни меѓународно активни банки ќе можат да влезат на пазарот преку филијали и тоа само со дополнителен услов. За разлика од веќе постојните банки, тие ќе мораат да стават на страна 120 милиони денари или два милиони евра како депозит кои не ќе можат да ги користат, на некој начин неактивен капитал. Тие подлежат на сите регулативи кои се однесуваат на брудентното работење, на субервизијата според домашното законодавство. И депозитите кои ќе бидат привлекувани од страна на тие банки од македонските граѓани се предмет на осигурување од нашиот Фонд за осигурување на депозити. Благдоарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Прво, да му заблагодарам на мојот министер за финансии тоа што не поздрави со “Добредојдовте во 21-ви век” и јас сум ссега среќен човек. Ама несреќен сум што останавме во 20-от век. Но наместо да реплицирам, да кажам еден случај. Секој пат кога зборувам за добри работи и добри постигнувања на резултати, ја користам Словенија, затоа што таа страотно отиде напред и денес е првата земја од сите што влегоа во

Европската унија, заедно со неа, е најразвиена и во најдобра положба.

Пред неколку месеци, словеначкиот министер за финансии беше во Загреб, одржа конференција за печат, го прашаа новинарите: Што станува со штедните влогови што Љубљанска банка ги има спрема граЃаните на Хрватска, а дека еве сега е во мода банките да се продаваат на големите банки во светот, дали тие ќе ја преземат улогата штедните влогови да ги надоместат. Одговорот вие оцenete дали е добар или не, јас само ќе го кажам. Тој рече: Ние имавме економија, немавме држава, сега имаме држава и нема да дозволиме да ја снема економијата. Сами просудите, сами видете што значи тоа.

Ние не ги браниме сопствените национални интереси. Ние не гледаме во нашите граѓани, тие што можат да ја дигнат оваа држава. Ние со големи желби и со голема надеж излезот го гледаме само на некој од надвор. Јас би бил среќен кога некој би дошол така, ама еве, 16 години само сме во очекување.

Според тоа, јас мислам дека треба еднаш да сфатиме дека треба да почиваме на сопствени снаги. Фала, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега збор има господинот Зоран Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Благодарам претседателе.

Кој за што, економистите за економијата. Се согласувам целосно со министерот за финансии дека ова е многу значаен закон и му благодарам што сепак не удостои со комплетно и исцрпно излагање и на Комисијата што ја имавме непосредно пред седницата, заради што веројатно и доцнеше оваа седница, и сега за обидот што е овде присутен заедно со нас да ги расчистиме сите дилеми, бидејќи очигледно е дека се јавуваат независно кој од која страна условно кажано политички се јавува и сето тоа со цел за да воспоставиме малку подобри услови во монетарната, фискалната, финансиската и воопшто економската сфера во Република Македонија, бидејќи до сега општа е констатацијата дека дел од вината зошто немаше очекуван економски развој и зошто стапката на раст во Македонија е најниска во регионот, беше секако и во сферата на банкарството и во монетарната сфера.

Во таа насока, минситерот за финансии ја има целосната моја поддршка за сите обиди што ги прави во тој поглед и секој нов закон што се носи со цел да се подобри таа состојба ја има и мојата, а верувам и поддршката на Социјалистичката партија на Македонија како коалиционен партнер. Меѓутоа, стручноста сепак не ни дозволува да одмолчиме некои дилеми што се јавуваат и некои наши стравувања дека доколку некои решенија останат вака како што се предлагаат со овој закон, нема да имплицираат негативни, а не само позитивни импликации во некои други области.

Да не должам, веднаш ќе кажам дека и мојот впечаток е дека опасно се зголемуваат ингеренциите на гувернерот во однос на субјективното негово убедување при расудување за некои состојби во некои банки и тоа сепак не смее да се толерира, како што кажаа и некои претходни дискутанти и на седницата на Комисијата, но и денес на пленарната седница кој е во моментот гувернер, бидејќи ние овде зборуваме за институцијата гувернер на Централната банка на Република Македонија. Многу подобро би било доколку се зголемеа ингеренциите на супервизијата и доколку се следеше босанскиот модел, каде што супервизијата е дури и целосно независна во однос на тоа и каде што институцијата "субјективно убедување" практично е сведена на минимум, јас би рекол дури и не постои. Наспроти ова, некои решенија во овој закон нудат опасни ингеренции на гувернерот, каде што во зависност од фаворизирањето или нефаворизирањето на одделни банки, можат да доведат до драстично намалување на вредноста на капиталот на дадени банки и до делегирано преземање на сопственоста врз основа на претходното делегирање на цената на акциите на тие банки.

Ценам дека такво нешто е недопустливо иако министерот за финансии со право вели дека Парламентот е тој кој што, на крајот на краиштата, е единствена институција што го контролира работењето на гувернерот, сепак ќе се сложите господине министре, подобро е на детето да му кажеме како се чува грнчето со вода, пред да го пратиме на вода, отколку да чекаме прво да го скрши грнчето, па да го караме, бидејќи ние сме негови родители.

Со ваквите решенија по однос на одредени членови кои што поконкретно ќе се осврнам ценам дека сепак ние сме доведени во ситуација ретроактивно да делуваме и да навиваме и да се надеваме дека гувернерот ќе работи по совеста, а не по искушението што некои странски или идомашни фактори од нивни лични причини ќе можат да му го подметнат така да кажам.

И за да не звучам многу општо ќе прејдам на конкетните членови што за мене се спорни, меѓутоа со уште еден аргумент плус зошто ценам дека супервизии да требаше да биде таа што ќе добие такви ингеренции а не премиерот е и фактот што сите стопанственици во Република Македонија ама сите до еден без исклучок и тие што членуваат активно во коморите и тие што се мали претприемачи а кои што зеле кредит заради покренување на било какви инвестиции но и одобрување на ликвидноста на претпријатијата ќе ви кажат дека во моментот стопанството повеќе работи за банките отколку за остварување на сопствен профит.

Сепак ако ги погледнеме бројките доаѓаме од една многу сериозна парадоксална состојба. Имено, според завршни сметки на сите 17 банки за 2006 година во Република Македонија,иако впечатокот за целото стопанство е дека банките

се суперпрофитабилни, доаѓаме до една чудна бројка дека, потенцирам, вкупно собраниот нето профит на тие 17 банки е се на се 50 милиони евра.

Јас им верувам на претприемачите и на стопанствениците дека кредитите се скапи и дека банките повеќе функционираат во Република Македонија како паразити на стопанството, отколку дека реално нешто работат, а од друга страна се поставува прашање каде е профитот.

Значи, јасно е дека супервизијата малце посериозно мора да се занимава со тоа. Но, не по сопствени убедувања на гувернерот како што е тоа сега. И наместо да ги намалиме тие ингеренции на гувернерот ние по поедини членови му даваме неприкосновени дискрециони права, и еве ќе цитирам некои од нив.

На пример во член 59 според предложениот закон за кои што ние сега овде расправаме ќе прочитам еден мал дел, вели вака: “секое лице кое има намера директно или индиректно постапно или наеднаш со една трансакција да стекне акции чии вкупен кумулативен номинален износ изнесува или надминува 5%, 10%, 20, 33, 50 и 75% од вкупниот број на акции, односно од вкупниот број на издадени акции со право на глас во банката, без оглед на тоа дали акциите ги стекнуваш само или заедно со други поврзани лица (а дефинирано е понапред што значи поврзани лица), директно или индиректно е должно да поднесе барање до Народна банка за добивање претходна согласност”.

Автоматски со тоа и со критериумите за кои што зборуваше господинот Најдовски, а за што сега не сакам да се навраќам, му даваме дискреционо право на гувернерот, тој да одлучува по тоа. Ај што 5% за мене е премал процент, бидејќи не може да учествува со 5% некое лице значајно, во евентуалното преземање најавено, меѓутоа, ова што е најопасно во овој закон, а за што еве јас најдиректно или најодговорно ви тврдам не е според усогласените стандарди на ЕУ, е што ова ќе важи и ректроактивно. И всушност тоа е тоа што сакам да го објаснам и што мене лично како пратеник ме кочи, во убедувањето дали треба да го поддржам овој закон или не.

Имено, и досегашните акционери во банките и оние кои што, условно кажано, вчера купиле акции, во некоја банка а чија што вкупна количина е над 5% подложат на тоа лично убедување на гувернерот и тој може согласно овој предложен закон да го принуди акционерот тој акциите да ги продаде. Кога сте принудени да продавате акции, јасно е дека вредноста на вкупниот капитал на банката, паѓа.

Сега, еве едно слободно размислување хипотетски, што мене многу ме плаши. Да замислиме дека некоја банка со сомнителен капитал, или лице физичко ќе отиде кај гувернерот, и врз основа на неговите лични убедувања, што се објаснети за кој што зборуваше господинот Најдовски, во дефинирањето што значи чесно, ќе му оспори односно ќе го поттикне гувернерот да оспори некој сопственик на акции кој што има да речеме 20 и 25%. И тоа лице ќе мора да биде принудено да ги продаде тие акции. Таква голема количина одеднаш изелезена на пазарот на хартии од вредност нормално дека енормно ќе ја спушти цената на капиталот.

Кој на нас ни гарантира дека гувернерот за тоа нема да биде стимулиран на нам познати искуствени начини, за жал во овие 15, 17 години а и порано, и дека исто тоа лице што го поттикнува гувернерот нема да биде купувач на принудно продадените акции. И на тој начин наместо да се заштитиме што не се сомневам, далеку од тоа, значи воопшто не се сомневам во намерата на предлагачот на овој закон дека ние ќе треба да се заштитиме од сомнителните банки, односно од сомнителното потекло на капиталот во банките, можеби преку гувернерот, бидејќи оставаме на совест, а не на критериуми, на вреднување, токму нема а стимулираме две негативни појави:

Првата е влегување токму на сомнителен капитал,

И втората е селективно девалвирање на вредноста на поедини банки или селективно стимулирање на вредноста на други банки. Па затоа, тоа што мене ме плаши е, дека,доколку вака остане ова, во Република Македонија може да дојде до голем страв за вложување акции во банкарството на оние кои имаат чесни намери. И, отргнување на тие луѓе и влегување на сомнителен капитал.

Сакајќи да се заштитиме, впрочем можеме да си скокнеме во стомак.

А, дека, ретроактивноста не е препорака на ЕУ, јас на сите вас кои ме слушате и ме следите, ќе ви препорачам да ги погледнете, на крајот од законот во прилог се дадени кореспондентната табела за усогласување со законодавството на ЕУ, на страна 43, каде што во членот 28 стриктно се вели “овој член не влијае на правата стекнати од кредитни институции што обезбедувале услуги пред 1 јануари 1993 година”. Претпоставувам тоа е датумот кога во ЕУ е имплементиран ваквиот комактибилен закон.

Со тоа што ние и ретроактивно му даваме можност на гувернерот да интервенира по субјективно убедување ние сме контрадикторни и не одиме со препораките на ЕУ. Тоа мене многу ме плаши и од една проста правна причина иако не сум правник, да не навлегувам сега во детали на таа тематика, меѓутоа, ниту еден закон не може да важи ретроактивно, од проста причина што можеби акционерите, доколку знаеле дека ваков закон ќе се донесе, дека би важел ретроактивно, немало да инвестираат во конкретната банка.

Оттука, ценам дека тоа е исто така втора причина, поракј причината за која што зборуваа моите претходни дискутанти, дека можеби уставно овој закон не може да помине.

Втората е, ненормално, ако се гледа аспектот на повратни инвестиции, логично се поставува прашањето дали странските банки со 2 милиони евра не се поконкурентни отколку домашните со минимум 5 милиони евра. Иако, начелно, мерката не лоша, и е добра да се зголеми оснивачкиот капитал заради сигурност. Меѓутоа, чесно е, сите учесници на пазарот, независно домашни или странски да ги добијат истите услови за да имаме уставно загарантирани услови на работење.

Тоа би биле моите основни забелешки по однос на овој закон. Не би сакал сега да ве заморувам со поголеми детали. Претпоставувам дека, кога ќе се отвори амандманската расправа, ќе имаме можност за тоа. Иако, лично, не поднесов амандмани, заради тоа што сметав дека ќе дојде до една поконкретна координација и заради тоа што ценев, дека покрај игнорирањето на ДУИ, чиј претставник ја води Комисијата, сепак во иднина, за вакви значајни закони, сепаќ ќе треба да ја проработиме Комисијата за финансирање и буџет бидејќи директно имплицира проблематика за услови за економски развој, што е основната причина и определба зошто Социјалистичката партија влезе во оваа коалиција и зошто максимално ја поддржуваме Владата. Бидејќи, конечно, сериозно покажува дека сака да се занимава со економски развој.

Засега толку, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега збор има госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Багодарам претседателе.

Почитуван минисре,

Јас ќе се обидам д дадам придонес пред се како економист и член на овој Парламент заеден многу важен закон како што е овој, денеска и воглавном, ќе се согласам со претходните дискутанти и би почнала од преодните и завршни одредби, каде што во членот 193 банките се вели дека се должни да ги усогласат одредбите од овој закон, висината на почетниот капитал, финансиските активности, органите на банката најдоцна во рок од 18 месеци. И, дека, во точката 4 - гувернерот ќе ја одземе дозволата за основање и работење на банките ако во рокот од став 2 на овој член нема да се усогласат односно нема да добијат согласност итн.

Секако дека за ова мое лично размислување е дека не би се согласила, затоа што веќе стекнатите услови во одделни банки што со години работат, да им се одземе правото, а до сега успешно и активно работат, да им се одземе правото или стекнатото право и да се усогласат, само заради тоа што нема да се усогласат во рок од 18 месеци.

Второ што сакам да потенцирам е областа на овластувањата на гувернерот, што денеска обемно се дискутираше.

Тоа е во согласностите и овластувата на гувернерот се спомнува дека согласност за банка се бара и претходна согласност од гувернерот се добива дури и за промена на име и седиште на банката. Колкаво е овластувањето на гувернерот, доколку сакаме да го смениме името на банката, дури и за тоа да даде согласност гувернерот што во принцип апсолутно не го поддржувам. Секое право, дури и маркетиншки дел е некој да си го одреди името, а да бара согласност за името на својата банка, мислам дека не е во ред.

Понатаму, во областа на овластувањата, прешироките овластувања на гувернерот, би спомнала дека гувернерот одбива барање ако расположливите податоци, информации укажуваат дека лицата кои сакаат да стекнат акции индицираат тенденција на висок ризик, со што може да биде загрозена стабилноста, сигурноста и репутацијата на банката, дури и за акции чиј вкупен кумулативен номинален износ изнесува или надминува 5%. Или оцени дека стекнувањето на акциите ќе доведе до несакан развој на финансискиот систем. Едно такво широко овластување без некои конкретни процедури што би го заштителе банкарот или сопствениците на акции, такво широко овластување се дава на гувернерот, што воопшто, размислување на еден економист е дека е неодржливо.

Во областа каде треба да се побара согласност и да се добие согласност од гувернерот е дека најмалку еден месец пред да се реализира трансакција на намалување на учество, да ја извести Народната банка и дури да го каже, знажи не само да ја извести банката, него и да го каже и износот за кој ќе го намали неговото учетво во почетниот капитал, па дури и да го каже, доколку го знае идентитетот на лицето кое ќе ги стекне неговите акици во банката, доколку му е познато.

Сметам дека вакво нешто, прво е, не знам на кој начин ќе се оправда, заради тоа што доколку некој акционер сака да го намали учеството дури и за пет или над 5%, да не зборуваме за повеќе, доколку го најави еден месец пред тоа да сака да го стори, дали тоа не значи директно мешање на политиката на банката и во цената на акциите? Директно влијание од страна на гувернерот во цената на акциите. Ако е познато дека некој сака да продаде акции месец дена пред да го продаде, ќе се согласите дека тоа би значело влијание на цената на акциите.

Исто така, сакам да нагласам едно мое размислување во членовите 137 и 138, каде што продажбата на акциите стекнати спротивно на член 59, за кој што говорев пред малку, ја спроведува лице овластено од гувернерот со почетна цена што е просечна пазарна цена што ја имало во последните три месеци, дури и по книговодствена вредност. Значи, гувернерот може, доколку не се спроведе ова што го говориме до сега, рокот 18 месеци, рокот за усоглсување, спротивно член 59, тој има право, толкаво широко, да може да продаде акции на банката или да овлати и лице и да изврши директно влијание врз цената на останатите акции. Не само да изврши влијание на оној кој

стекнал спротивно од членот 59, акции, туку тој ќе изврши со ваквото ниво на влијание, лично влијание на гувернерот, да се влијае на цената на останатите акции на банката.

На овој дел имам големи забелешки, каде што говернерот има толкаво широко овластување со што може да влијае на цената на капиталот, што мислам дека е недопустливо.

Ова се моите конкретни размислувања во овој момент. Ова го истакнавме и на Комисијата, пвоеќето од членовите на Комисијата за економија, воглавном, акцентите ги ставија на овие широки овластувања од страна на гувернерот и во однос на членот 59 каде што сметаме, а тоа е моја лична заложба дека да се даде на гувернерот таква ингеренција, дури акции од 5 или над 5% да издава согласност. Значи, тоа нема да влијае само на оној кој сака да купи акции во толку низок процент, туку ќе влијае врз цената на осанатите акции. Ќе се доведе во прашање цената на капиталот и мислам дека овој цензус е пренизок.

Уште една забелешка, сметам дека во обласата на прекршочниот дел, во однос на глобата, не сум правник по вокација, меѓутоа 15 или 20 иљјади глоба, доколку не се спроведе некој од овие ставови во членовите, има право гувернерот повторно да ја глоби банката, додека физичкото лице до 6 иљјади евра што мислам дека е преголемо овластуање на гувернерот и воопшто на Народната банка да влије со така висока цифра на банката за неспроведување на некои од овие членови.

Засега толку, ќе се вклучам во понатамошната расправа доколку мислам дека има потреба.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам пртресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за банките.

Молам, службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места во салата затоа што ќе пристапиме кон гласањето.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Ги молам службите уште еднаш да се потрудат, бидејќи во овој момент многу пратеници влегоа во салата.

(Службите повторно утврдуваат точен број на присутни пратеници во салата).

**Љубиша Георгиевски:** Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, гласале 57, за гласале 55, воздржан 1, против 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, гласале 57, за гласале 50, воздржан 1, против 6.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 13 став 2 во воведната реченица, член 18 став 3, член 20 став 3, член 21 ставови 1 и 2, член 53 став 1, член 58 став 1, член 61 став 2, член 80 во воведната реченица, член 138 став 4 за менување на точките 1 и 2, член 141 ставови 3 и 4 и на член 172 ставови 2 и 8, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Слободан Најдовски и Роза Топузова Каревска поднесоа амандмани на член 2 став 1 точка 1, член 2 за додавање нова точка 38 по точката 37, член 7 став 1 точка 4, член 57 став 1 за бришење на точка 3 и на член 62 за бришење на став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Ќуркчиев поднесе амандмани на член 83 став 2 во воведната реченица, член 83 став 2 за бришење на точка 5, член 90 став 4, за бришење на член 174 и на член 193 за бришење на став 6, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев поднесоа амандмани на член 7 став 1 точки 2 и 3, член 7 став 1 за додавање нова точка 23 по точката 22, член 14 став 2 за додавање нова реченица, член 57 став 1 за бришење на точка 3 и на став 3, за бришење на член 62, член 71 став 4, член 78 став 7, член 89 став 3 точка 6, член 89 став 3 за бришење на точка 17, член 92 за менување на став 3 и на член 113 за додавање нов став 5 по ставот 4, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 точка 1, поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славевски:** Благодарам претседателе.

Овој амандман не се прифаќа од следната причина.

Дефиницијата за банка е во согласност со директивата 2000-12 и новата директива 2006-48 на Европската унија. Целта е да се потенцира дека доминантна дејност за банките е да прибираат депозити во поголем обем и тоа од неинформираната јавност, физички лица и претпријатија од помал обем.

Дилемата околу мошните недоразбирања е надминатата со член 7 став 1, според кој банката може да прибира депозити генерално без да се наведе од кого и членот 5 со кој се забранува

депозите да прибираат лица кои не се банки и лиценцирани од Народна банка.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, се согласувам со дел од образложението на министерот, но мојата намера и на колешката Топузова за поднесување на овој амандман е, иако министерот вели согласно со директивата, но буквалните преводи преземени од странски јазици, често пати внесуваат недоразбирање во македонската јавност и сметам дека доколку попрецизно се определи, се замени со зборот “лица”, наместо “јавност”, точно ќе биде определено на што ќе се однесува. Но, мислам дека министерот цврсто се држи за тоа како е во директивата дадено на англиски јазик, па ќе видиме, ќе покаже времето кој е во право. Мислам дека суштински апсолутно не менува ништо, но чисто за допрецизирање.

Од тие причини го повлекувам амандманот, да не губиме време во гласање, бидејќи претставува само некое техничко подобрување.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нова точка 38 по точката 37, поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

Предлогот на закон не дефинира видови на сметки, па оттука нема реална потреба да се дефинира и поимот тековна сметка.

Она што е важно е тоа дека овој закон предвидува за секој депозит на физичко лице да се издаде соодветен документ и банката да ја дефинира секоја уплата и исплата на и од депозитната сметка.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

Овој амандман е тесно поврзан со следниот амандман на членот 7, кој се однесува на тековните сметки и чекови по тековни сметки.

Со ризик дека, бидејќи министерот не поздрави со зборовите добредојдовте во 21 век, мене ќе ми рече дека сум во 20 век, но сакам да го потсетам министерот дека во Македонија има делови кои се и во 19 век. Дали ни се допаѓа тоа или не, одредени населени места се во 19 век, господине министре и јас ги посетувам тие места, за разлика од вас и премиерот кои можеби заборавија дека има места во Македонија во 19 век.

Двата амандмани ги имам подненсено се со цел, иако реков во општата расправа дека од она што може да се слушне од меѓубанкарските состаноци по однос на чековите дека ќе има чекови и понатаму кои нема да бидат гарантирани чекови, за разлика од сегашните и верувајте ми тогаш нема да постојат чековите во Република Македонија, оние кои се сега по тековните сметки и кои граѓаните секојдневно ги користат.

Морам да кажам дека при воведувањето на платежните картички ги поддржував претставниците на Владата за воведувањето, бидејќи тоа е еден од начините да се намали и да се спречи сивата економија. Но, не знам од кои интереси, можеби само за премиерот и министерот за финансии разбирливи, на сила не натераа сите да имаме платежни картички. Сега ќе му кажам една работа на министерот, ако не знае дека плаќањето во готовина со исклучување на чековите од тековните сметки што ги имаат граѓаните, а само со платежните картички, плаќањата во готовина ќе се зголемат, токму заради тоа што има голем број на места во Република Македонија, господине министер, кои се во 19 век.

Јас ја поддржувам идејата да влеземе во 21 век, но мораме малку да се погледнеме и кај нас.

Можеби не сте биле во места а голем е бројот на таквите места во Република Македонија, почнувајќи од големите центри, да не зборуваме за селата, каде со платежна картичка од било која, не само од нашите банки, од светски брендови, можете картичката само да си ја чувате во џебот и сакале или не, ќе морате да платите во готовина. Од тие причини сметам дека, со оглед на развојот на банкарскиот систем, со оглед на севкупниот развој во Република Македонија, останувањето на чековите во досегашната форма, што сепак ќе речете дека тоа е право на банките, како што беше и досега регулирано, но вие сте најодговорниот, заедно со премиерот, за укинувањето на таквите чекови. Вие им го поставивте тој услов на банките и вие директно придонесувате за зголемување на прометот со готовина, со големи провизии кои ќе одат на штета на граѓаните, во задскриена форма, но кога ќе се сетиме ќе видиме дека тоа е така.

Јас ве убедувам дека во 99% во селата во Република Македонија со платежна картичка не можете да платите, а да не зборуваме и за градовите. Тоа директно ќе придонесе за зголемување на оптекот на плаќање во готовина, а тоа диреkно ќе ја поттикнува сивата економија, што верувам дека не е тоа ваша намера. Но, онака како што сега е дадено, мислам дека е направена грешка во чекори, а штом судијата свирне грешка во чекори, тогаш ја губите топката, а штом ја губите топката, можете да ја изгубите и утакмицата. Не е добро во овој момент така да се

работи, но мислам дека колегите пратеници ќе го прифатат амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за финансии, господинот Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Да кажам дека овој дел од дискусијата на господинот Најдовски немаше врска со предложениот амандман. Тој, како што и самиот кажа, се однесува на амандманот на член 7 став 1 точка 4, а јас ќе си резервирам право на тоа што тој го изнесе тука, да одговорам кога ќе се дискутира по тој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине министре, како што јас ве следам, ве молам следете ме и вие.

Уште во првата реченица кога го образлагав амандманот, реков дека е поврзан овој амандман со амандманот за кој вие сега зборувавте за членот 7 став 1 точка 4 и заради тоа реков во интерес на времето ќе зборувам за двата амандмани, иако деловнички не е така, но, реков во интерес на времето. Човек кога сака да ви помогне, да го скрати времето, вие тогаш пак намерно, ако сакаме да го смалиме времето, вие велите дека јас зборував за друг амандман и не сум ја разбрал темата. Не господине министре. Не сте ме слушале добро. Тоа е во интерес на вас за побрзо донесување на законите. Благодарм.

**Љубиша Георгиевски:** Ако се согласувате до паузата да ги завршиме репликите, а ги имаме две.

Повелете господини Ивановски, имате три минути реплика.

**Игор Ивановски:** Иако сум јавен за збор, ќе го почитувам вашето барање во рок од три минути да го кажам своето мислење.

**Љубиша Георгиевски:** Не е барање, предлог е.

**Игор Ивановски:** Значи заеднички договор.

Иако јас се согласувам дека можеби дискусијата за ова прашање не треба да го најде делот во овој закон, но сепак не можам да премолчам кога министерот повеќе малициозно, помалку аргументирано, се обидува да брани едно решение кое што и после донесувањето, еден месец и повеќе, се покажува дека не ги дава очекуваните ефекти, напротив создава и одредени проблеми.

Значи, треба да констатираме дека прво се создава основата во Република Македонија да функционира воведувањето на фискализацијата, без исклучок, второ се зголемува количината на воведувањето на терминали кои можат да ги процесуираат овие картички, па дури на крај кога ќе постигнете одредено задоволително ниво на нивно користење, а и преку обука, ама не како типот на онаа реклама со косата, ќе можете да констатирате и јас сега во овој момент можам да констатирам дека ќе биде доминантна употребата на платежните картички за сметка на чековите.

Она што го кажа колегата Најдовски е во право и вистината е таа.

Во овој момент во Република Македонија, оние граѓани кои имаат обврска и својата плата или некој друг вид на надоместок ја добиваат преку платежна картичка, или мака мачат да ги користат услугите или во малопродажна или во некоја друга мрежа, кога тоа го прават преку банкоматите на банките тоа го прават многу тешки, на крајот провизијата претежно оди на сметка или на граѓаните, ако ги користат различните терминали, или на оние крајните корисници. Со еден збор мора да се остави еден подолг временски период за користење на чекот како платежно средство. На крајот на краиштата ако ги погледнете анализите што беа предмет и на написи во медиумите, се поголема е нереалната задолженост на граѓаните кои на крај пак преку провизиите или негативните камати, ќе ја платат повторно тие. Значи тоа не се прави заради хир или заради опонирање само по себе, на министерот или на Министерството за финансии, туку како многу практична потореба. Јас не знам сега дали министерот не се нашол во прилика да отиде во некоја продавница или на некое друго место па да не може да плати со платежна картичка. Можеби тој го нема овој проблем, но проблемот го имаат 99% од граѓаните, вклучително и пратениците. Јас не можам никој да го исклучам. Оттаму можеби со измена, иако има и подобра измена од оваа, да се даде можност да постои како инструмент, а во останатите акти да се регулира и продолжувањето и употребата на чекот како платежно средство.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете министре имате контра реплика.

**Трајко Славески:** Навистина, на ваквите дискусии не им е местото во рамките на овој амандман.

Господине Ивановски, гледам често патувате, обидете се да речеме во Виена да платите со виза картичка. Нема да ви ја примат. Значи има тука суптилности, има практики итн. Владата на Република Македонија, со прецизен тајминг го воведува или го промовира картичното работење, а чекот постоел, постои и ќе постои, според стандардите кои важат и во другите земји. Верувајте, долго време бевме убедувани дека сме нешто различни од другите, дури и од соседите. Ништо не сме различни.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Иако избегавме од темата на амандманот, јас би сакал да го искоментирам она што го кажа колегата Најдовски, околу 19 и 21 век и околу воведувањето на платежните картички. Тука имаме различен концепт и различен пристап и јас

би сакал да го потенцирам тоа. Значи неговиот став е додека не се создадат услови за 100% покриеност на територијата, не треба да се воведуваат картичките, ако добро го разбрав и тоа го прифаќам. Но, тоа е исто како да тврдите дека би било подобро да останеме на коњските коли, а да не се мисли на автомобили кои возат на гориво, заради тоа што загадуваат и заради тоа што треба да се градат патишта за нив и дека би требало да бидат измислени дури во оној период кога 100% би била покриена територијата со патишта. Правилниот пристап е да се оди паралелно со двете работи и ние паралелно одиме. Значи воведуваме картички и паралелно одиме со овозможување на услови да се користат. Преностите се бројни, тие стојат, пред се заради тоа што се воведува поголема контрола на движењето, на трансакцијата на парите кои пари се ставаат во едни легални рамки. Така што она што ми е поентата и што сакам да го потенцирам е дека имаме различен пристап и многу јасно сакам да го подвлечам тоа дека за многу работи, очигледно со дискусијата имавме слична дискусија и за законите во образование и за веронауката и за празниците, имаме различен пристап многу похрабро влегуваме во проектите е сметаме дека тоа е единствениот начин да и се помогне на Македонија заради тоа што Македонија е премногу далеку од она што се вика модерни текови. Ако продолжиме со оваа логика ни требаат години и години и ништо нема да направиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пред да дадам пауза, сакам да се договориме.

Господинот Игор Ивановски ќе има збор по паузата.

**Игор Ивановски:** Имам контра реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Не можеме како контра реплика тоа да го канализираме, бидејќи вие имавте реплика, а министерот контра реплика. Ако сакате земете збор после паузата.

Господинот Слободан Најдовски има контра реплика од една минута и со тоа првиот дел од седницата ќе го заклучиме и ќе дадам пауза за ручек, за да се спази темпото.

Повелете господине Најдовски, имате контра реплика од една минута.

**Слободан Најдовски:** Господине Николовски вие сами се демантиравте. Вие одржавте еден митингашки говор и во ред. Но вие рековте дека паралелно одат двете работи. Вие не знаете дека на никој од администрацијата повеќе на тековна сметка не му се уплаќа платата и дека повеќе не одат паралелно и знаете ли дека сега, јас се извинувам и вие живеете на некое друго место, не сте мрднале настрана. Обратна е ситуацијата. Во 99% на територијата на Република Македонија не можете да платите со платежна картичка и заради тоа ја стимулирате сивата економија, заради тоа што сите со картички подигаат готовина од банкомати и одат со готовина плаќаат. За тоа се согласувам со вас, но поддржете да постојат паралелно двата начини на плаќање, така како што велите. Но она што го зборувавте е контрадикторно со вашиот став. Можеби тоа е ваш став да се додворите на министерот и на премиерот, но ситуацијата е сосема друга.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Давам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,28 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да седнат на своите места, продолжуваме со седницата.

Амандманот на член 2 за додавање нова точка 38 по точката 37, поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Роза Топузова Каревска, го става на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласаа 58 пратеника, за гласаа 9, воздржано гласаше 1, против 48 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7, став 1 точки 2 и 3, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе,

Овој амандман Владата не го прифаќа од следнава причина. Активностите што може да ги врши банка се усогласени со Анексот 1 од Директивата 2006/48.

Инаку, земање кредити не е банкарска активност, ниту пак финансиска активност што ја извршуваат банките, туку тоа е активност што ја вршат сите правни лица во рамките на нивните права и обврски.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господин министре.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Не ја знам формулацијата што ја користи министерот за финансии, но во делот на образложението и описот на измените што се ставаат во овој закон се користат во одредни ситуации токму формулациите како што се дадени во амандманот од типот давање и земање кредити. Токму од таа причина е предложен амандманот. Не гледам причина дека не може да има простор за појаснување и користење токму на речникот за зборот “кредитирање”, со зборовите “давање” и “земање” на кредити.

Оттаму, сметам дека овој амандман е од чисто техничка, да не кажам семантичка природа. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 58 пратеници, 8 гласале за, воздржани нема, против гласале 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 точка 4 поднесен од пратенците Слободан Најдовски и Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** За збор се јави господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам потпретседателе.

Очекував сега министерот, бидејќи по претходниот амандман кажа дека кога ќе дојде овој амандман тогаш ќе го изнесе своето мисење, но очигледно не сака да го изнесе мислењето и неговите јуришници по претходниот амандман ги пушти да навредуваат. Но, во ред е, тоа е негово право.

Со оглед на тоа што по однос на овој амандман прилично зборувавме пред паузата, двата амандмани што беа поврзани, јас останувам на тоа дека паралелно треба да останат и понатаму чековите по тековни сметки за употреба во Република Македонија. Веќе се повеќе се сомневам дека од личен интерес премиерот и министерот за финансии наредија администрацијата да ја добива платата на платежни картички. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Реплика има министерот за финансии, повелете.

Реплика или за збор?

За збор, повелете.

**Трајко Славески:** Да не беше ова последното, навистина немаше да се јавам за збор.

Но, ова е гнасна инсинуација, некого да навредувате, да му импутирате дека од личен интерес го промовира работењето со платежни картички, од македонскиот Парламент е навистина многу тешка оптужба. Јас ќе размислам каде можеме да побараме заштита од ваквата тешка оптужба изложена од пратеник.

Мислам дека тоа излегува надвор од имумитетот што ви го дава законот, затоа што навистина, навистина ова излегува надвор од сите рамки.

Прво, тренд е во светот и е прифатен во Република Македонија. Спроведувањето на платежните картички во Република Македонија не е единствено резултат на активсностите односно мерките на Владата. Стана мода, меѓу младите веќе е застарено, не е модерно да немате платежна картичка. Тоа го зборуваат следниве факти господине Најдовски:

Во јануари во Република Македонија, во 2007 година биле издадени 448.763 картички, додека во април бројот достигнал 522.108. За само 4 месеци зголемување од 16,34% или за 73.345. Ова не се должи на тоа што господинот премиер Груевски и Трајко Славески имаат интерес од тоа што го прават, за тоа што вработените во јавната администрација картичките ги извадија уште во текот на 2006 година.

Кој интерес го има сега министерот за финансии и премиерот што масовно се зголемува бројот на платежни картички во Република Македонија? Да повторам, вкупно се издадени дополнителни 73.345 картички во текот на првите 4 месеци од оваа година.

Вие, исто така манипулирате, кажувате дека ќе се укинале чековите по тековни сметки. Чекови по тековни сметки постојат и ќе постојат. Тоа е тековната сметка. Тековната сметка упатува на користење на средствата од чек. И сега граѓаните имаат слобода, оние кои не примаат плата преку тековна сметка, што е врзано со чекови никој не ви брани вам, целокупниот кеш, ако и вие ја примате платата, да си го подигнете и да го префрлите на својата тековна сметка. Можеби и не сте знаеле дека можете да имате неограничен број на тековни сметки, ако сакате и понатаму да работите со чекови. Тоа ќе го можете и после 15 ноември.

Зборувавте во претходната дискусија дека не бил даде доволен временски период за приспособување. Мислам дека ние бевме многу флексибилни во договор со банките и слушајќи ги мислењата и на граѓаните, рокот што претходно го имавме предвидено за јуни месец го продолживме до ноември.

Сега, сакам да истакнам дека, навистина Република Македонија не може да биде различна. Немојте да го прифаќаме тој империорен став од другите нормални држави. Во Србија од пред 3-4 години е направено она што ние го направивме.

Вие, господине Најдовски знаете сега што предлагате? Предлагате една работа што до 1989 или до 1990 година, во 1991 година, додека постоеше СФРЈ, единствено СФРЈ имаше таква практика на незаконско гарантирање на чековите. Таа практика продолжи и по распадот на СФРЈ, но постепено, републиките кои настанаа по распадот на Југославија како самостојни држави се ослободуваа од тој реликт. Последна тоа го

прави Република Македонија. Проверете. Значи, последна го прави Република Македонија.

Она што министерот за финансии направи, а мораше да го направи е да ги предупреди банките кои потпишале пред неколку години незаконска спогодба според членот 21 од Законот за чек. Видовте дека банките во почетокот го прифатија тоа, а сега читајте по весниците изјави - го поздравуваат овој начин, затоа што им ослободува ресурси. Работењето со платежни картички им заштедува средства, ги прави поефикасни, а тоа ќе го почуствуват, верувајте, никој друг, туку граѓаните.

Да ве известам дека во овој период, од април 2007 година, за што имаме податоци, податоците се од Народна банка на Република Македонија кои ги извлекоа овие податоци од извештаите на банките, драстично е зголемен и бројот на трговски друштва, на трговци кои примаат платежни картички. Еве, за ваша информација, во јануари во Република Македонија, од 1997 година 7.804 трговци примале платежни картички. Тој број во април месец изнесува 9.870. Зголемување за 2.066 трговски друштва или релативно во проценти, за 26,5%. Внимавајте за 26,5% е зголемен бројот на трговски друштва кои примаат картички. Или, бројот на уреди, читачи на платежни картички се разликува. Еден трговец може да има повеќе читачи на платежни картички. Се зголемува од 10.626 во јануари на 13.099 во април. Зголемување за околу 30%.

Ова е тренд што нема да запре. Оваа модернизација е прифатена и од бизнисите и од граѓаните на Република Македонија. Граѓаните имаат право, онаму каде тоа им одговар да користат готовина, да плаќаат со готовина, онаму каде што тоа сакаат да го напрват со чек, да користата платежни картички и други средства што се легитимни во платниот промет.

Ние сме свесни, како што вие одите и ние сме оделе и одиме и во места кои се малку поразлични од центарот на Скопје, но мислиме дека брановите на оваа модернизација ќе заплиснат, така да се изразам, и тие места. Онаму каде ќе постојат и понатаму проблеми заради една или друга причина, самите трговци ќе бидат свесни дека во нивен интерес е да одат и до посовремени методи на плаќање.

Јас не се согласувам со тезата дедка подрачја што се релативно заостанати не треба да ги користат новите методи, новите технологии. Верувајте, најзафрлени региони во Африка денеска имаат корист и жителите во тие региони полека се ослободуваат од сиромаштија, онаму каде е тоа достапно, користејќи најсовремени технологии, мобилни телефони за да можат да добијат информации за да ги пласираат своите производи. Со современи начини на плаќање. Од колиба, од село од Африка во моментов вие можете да извршите плаќање и да инвестирате на Њујоршката берза. Зошто да не го направиме тоа и во Република Македонија?

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Госпоѓо Топузова, дали сте за реплика или за збор?

Реплика од три минути Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре за финансии,

Навистина, морам прво да реагирам за тоа што министрите до сега имаа, не сите, но поголем дел навика да ги караат и да им се лутат на пратениците. Еве, сега сме сведоци дека еден министер и ќе бара заштита од пратениците. Очигледно, не го познава Уставот на Република Македонија. Би било добро кога е министер на така значаен ресор да ги прочита одредбите од Уставот.

Што се однесува за она што го кажуваше, навистина добро звучи сето она што го кажа почитуваниот министер, меѓутоа, за да се плаќа со картички или воопшто, што кажа дека може да се плаќа од колиба од Африка треба, пред се, да се има пари за да може да се плати. Но, нормално, ако се нема, тогаш нема ни начин да се плати.

Од друга страна, пак, чековите не гледам зошто не би продолжиле паралелно да егзистираат затоа што во оваа ситуација во која што се наоѓа најголемиот број на населението на Република Македонија, за многу од нив беше единствен начин за преживување или пак, оние посреќните, да можат да купат нешто на рати, што ќе биде платено на повеќе пати.

А, зошто се поврзува премиерот и министерот за финансии со платежните картички, мислам дека не треба повторно да ја потсетувам јавноста за националната платежна картичка, изум на тогашниот министер за финансии, а сегашен премиер и како таа заврши. Впрочем, ако не го знаете тоа, можете да ги прочитате извештаите што ги имавме добиено од сите ревизори во прериодот кога таа картичка беше актуелна и потоа, кога заврши на еден многу неславен начин. Сето тоа што тогаш се напрви како финансиска штета и ден денеска го плаќаат граѓаните на Република Македонија.

Токму поради тоа мојот колега ги поврзува со платежната картичка и секако не само поради тоа, министерот за финансии и премиерот. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Контра реплика од една минута, министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Навистина сметам дека госпоѓата Роза Топузова Каревска како еден од најактивните пратеници во овој Парламент повеќе го познава Уставот од мене и би ја замолил да ми помогне да го најдам членот според кој што пратеник во Македонски

парламент може да обвини за грандиозна корупција премиер и министер за финансии, а да не одговара за тоа. Ви благодарам.

(Реакции во салата).

**Бесим Догани:** Реплика од три минути има пратеникот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине потпретседателе,

Овде имаме сериозен проблем. Министерот за финансии дава одговор на се, се прогласи себе си за туристички водич низ светот, се прогласи себе си за врв на малициозноста во ова Собрание иако во континуитет продолжува да навредува и омаловажува пратеници, да не биде изненаден кога ќе наиде на таков одговор од сите останате. Тоа е во делот на принципиелното однесување.

Во оној дел што го кажа, мене навистина ми е јасно дека министерот за финансии, како 0,005 промили во оваа држава имаат шанса да прошетаат на една од главните улици од Виена. Таму, знам како се плаќаат трансакциите и се остваруваат. Ама, не ми е јасно дали бил, на пример, кога бил во Штип кај текстилците и пробал да плати со платежна картичка во сите дуќани во Штип? Да не говорам за Старавина, Бач или за некои други, бидејќи милуваше да кажува за места со колиби, иако овие не се такви, како тоа може да се направи.

Мислам дека имаме различно поимање на реалноста. Некој е многу комотен кога говори за случај во Африка, ама овде имаме многу конкретни ситуации во Македонија. И, ако сега говориме за плаќање на рати со платежни картички, тоа чини. Во претходниот период плаќањето на рати со чекови помалку чинеше во овој момент. И не може да биде оправдувањето општата формулација дека на тој начин ќе ја сузбиваме сивата економија.

Да, точно е, на овој начин се намалува процентот на сивата економиија,но не се уништува. Да не ги мешаме сите механизми што ни стојат на располагање. На крајот на краиштата министерот вели за еден месец или не знам колку, 26% се зголемиле оние кои користат терминали каде можат да се ефектуираат трансакциите со платежна кртичка. Па, кажете колкав е тоталниот број на вакви субјекти во Македонија, за да знаеме дали имаме реален прогрес, бидејќи кажувате релативен податок, споредувате стара со нова ситуација. Ама, не го кажувате вкупниот. И тоа до ноември месец. Нема драстично да се промени, на крајот на краиштата тоа ќе го платат граѓаните.

Не ми е јасно што е целта на овој инает од страна на министерот кој што, една сосема практична работа, што нема да биде негативен поен за Владата и Министерството, напротив може само да биде оценето како позитивен момент, не ја прифаќа.

Но, јас не можам да говорам зошто некој толку затворено, нарцисоидно постапува кон работи што ги предлагаат пратениците. А, на крајот на краиштата за НПК, господине министер за финансии, не говореше само мојата колешка Роза Топузова Каревска. Цел народ знае што се направи во НПК под раководство на сегашниот премиер, тогаш е министер за финансии Груевски и вас.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Господине министре за збор или за контрареплика?

Контрареплика од една минута, повелете.

**Трајко Славески:** Личните квалификации како нарцисоидност, инает итн, ќе ги оставиме на друга страна.

Ќе упатам само на нешто на што мислам дека господинот Ивановски е експерт, како асистент по математика на Економскиот факултет со статус во мирување, заради функции што во меѓувреме ги извршува.

Имено, релативните и апсолутните цифри што беа овде изложени јасно покажуваат што е поентата, дека има драстично зголемување, дека е тоа тренд и дека до ноември работите многу брзо ќе се променат.

А, да потсетам дека е законска обврска во Законот за регистрирање на готовинското плаќање, секој троговец да поседува читач на платежна картичка и тоа треба да се спроведува.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Процедурално Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Да не одземам време, само една минута, да му го прочитам на министерот членот 64 став 2 каде вели "пратеникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Собранието". Тоа е во Уставот на Република Македонија, според тоа, мојот почитуван колега Слободан Најдовски има апсолутно право според Уставот, ако и тоа не го промените многу брзо, да го искаже своето миселње. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Добро, сега слободно можам да зборувам во Парламентот.

Господине министре, прво, драго ми е што успеав да ве испровоцирам да зборувате по амандманот. Наместо она што го кажувавте отпосле, притоа нема да ги кажувам вашите зборови кои ги употребивте на говорница, тоа е составен дел на секој човек, секој си има различен пристап. Еве, гледате, дека внимавам да не навредам никого во ова Собрание и јас не сум од оние што сакаат да се караат за празни теми и за политиканство. Јас сакам со аргументи да се расправаме. За тоа е Парламентот.

Втората работа, околу тоа дали ќе ме тужите. Слободно тужете ме, после секоја изјава која на

вас не ви се допаѓа од билокој пратеник или новинар во јавноста, вие веднаш држите прес, кажувате дека ќе тужите. Јас не се плашам, еве и за тоа што го изреков како што го изреков, не е проблем, а ако мислите дека со тоа уште повеќе ќе ме замолчите, не сте на правиот пат.

Сакав конкретно да разговараме за проблемот господине министре. Јас и вие сме приближно, ако не и исто годиште. Јас и вие сме растеле во исто време во оваа држава. Верувајте ми, можеби не пред вас, но за примање на нови идеи, нови работи во државата сум на ваше рамниште. А за идеи, посебно во политиката, сум бил далеку пред вас. Бидете убедени во тоа. Воопшто не можете ниту вие, а ќе повторам, ниту вашите "бранители" што се овде во Парламентот нема да ме уплашат со тоа што ќе ми стават етикета дека сум декадент, дека сум многу заостанат. Ич не ме секира тоа господине министре, слободно кажувајте го.

Сакам да ви кажам едно, реално да ја согледаме ситуацијата господине министре. Сакам да ви укажам, еве и стручно, дека со укинувањето на чековите и со останувањето само на платежната картичка на овој степен на покриеност на трговските дуќани во Република Македонија со тие процесори што ги велите вие или читачи на картички се зголемува готовината во оптек. Зголемената готовина во оптек е еден од главните предуслови за сивата економија во било која држава. Тоа вие многу добро го знаете и подобро од мене, еве ќе ви признам, теоретски подобро го знаете од мене, но во пракса, бидете убедени, последнава година од вашата презафатеност како министер, тоа не го знаете како мене. Вие не можете да видите, ако спомнам некое село во Македонија ќе го навредам, но јас ќе кажам дека во многу висок процент од селата скоро 90 и кусур во Македонија немаат читач за картичка господине министре. Сега, јас ќе извадам пари од автомат и ќе плаќам во готово, наместо до сега со чекови, директно ќе ми оди со готовина. Таа готовина ќе ја користат за купување на стока на црно. Тоа е сивата економија господине министре, верувајте ми.

Зошто сега, вие малку ретерирате од вашата прва изјава кога излеговте за чековите кажавте дека под итно ќе ги нема, нова емисија на пари, неконтролирана емисија на пари и сите тие работи. Во ред, во право сте, можете да ретерирате на тој став. Но, зошто цврсто да опстанете на тоа заради, еве да не ви се погази зборот, јас знам сега дека на дел од банките тоа им одговара. Од она што можам да го прочитам иако вие велите дали читам, читам секојдневно господине министре, еве како пратеник имам толку време да прочитам весници. Знам дека на дел од банките тоа им одговара. Сега, и на меѓубанкарскиот состанок овие договори тоа нема да го направат голем дел од банките заради тоа што провизијата е поголема, но на штета на сите граѓани на Република Македонија е господине министре.

На крајот на краиштата од каде вашето право мене како вработен во администрацијата, да ме условувате како да ја земам мојата плата. Можеби сакам на штедна книшка во банка. Зошто вие со декрет да ми кажете дека ќе ми биде на платежна картичка. Можеби јас не сакам да бидам современ. Зошто да не ја земем на штедна книшка во банка. Но, тоа е далеку од сето друго за кое разговараме. Основното е, сметам дека на овој степен на развој, на покриеност со читачи на платежни картички, ќе повторам и со тоа ќе завршам, се зголемува оптекот на готовина во Република Македонија. Тоа ќе ја поттикнува сивата економија. Господинот Игор Ивановски ви кажа, вие изнесовте податоци како се зголемува бројот на читачи на картиците. Тоа може на почетокот од еден на два е 100% зголеменост, но од 100 е покриено само 2%, а другите 98% не е покриено.

Најдобронамерно ви го предлагам овој амандман, вие употребувате зборови гнасни, ми велите дека гнасно зборувам, но тоа е изгледа односно стана составен дел на однесувањето на сите министри на оваа Влада, гледајќи го рејтингот на премиерот, мислат дека сите јавноста толку ги сака и сега почнаа така да се однесуваат и дека овде 120 пратеника кои седат ништо не знаат, ништо не разбираат е, ако тоа некој ви го премолчува, јас нема да ви го премолчам господине министре, бидејќи во најмала рака ние сите 120 знаеме колку вас, ако не повеќе. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Реплика има министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Не се работи за премолчување, но навистина јас очекувам во овој Парламент, еве да ги оставиме на страна квалификациите, да не импутираме односно за користење на прецизни термини, никогаш, ама никогаш не сум рекол или некој помислил да се укинат чековите. Постојано господинот Најдовски не само во оваа прилика тоа го импутира. Се спроведува само Законот за чек, што не се спроведувал во изминатите 5 години. Ниво на развиеност. Србија 2003 година не беше на повисоко ниво на развиеност од Македонија 2007 година. Погледнете што се случува во околината. Немојте да не држите како најзаостанати во сферата на финансиското работење во регионот со вашите топли препораки.

Не треба да навлегувам во технички работи затоа што граѓаните можеби следат или ќе слушнат за оваа расправа, тоа добро го знаат и го чувствуваат. Банките во Република Македонија воведоа плаќање на рати без трошоци, без камата, со користење на платежни картички, нешто што беше можно и претходно со користење на чекови.

Само да спомнам за оние кои знаат малку повеќе математика од мене, секому му беше јасно дека користењето на чековите како инструмент за гарантирање на одложеното плаќање не беше

бесплатно. Ние вчера донесовме Закон за вистина во рекламирањето односно заштита на корисниците на потрошувачките кредити, да немаат скриени трошоци, а имаше скриени трошоци. Вие знаете подобро од мене зошто имаше скриени трошоци користењето на чековите за купување на рати. Тој трошок беше вкалкулиран однапред во цената. Нема да беше можно уште наредниот ден, оние кои собрале ваши 6 чека да одат во таа и таа штедилница и веднаш да ги дисконтираат чековите. За чек кој гласи на 1200 денари, а стигнува по 2 месеци да добијат 1150 денари денес и некому тоа да стане главна преокупација за сивата економија. Тоа беше една од причините за укинување на оваа аномалија во македонскиот систем со перверзната употреба на чекот господине Најдовски. Значи, стануваше збор за една перверзија. Немојте да мислите зборот "перверзија" е лош или грд збор, тоа значи извитопереност или искривеност, искривено мислење.

Само законска употреба на чекот со јасни претстави за тоа што се плаќа и кој плаќа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министре.

Контра реплика од една минута за господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине министре, на два акценти кои вие рековте дека со плаќањето на чековите однапред беше пресметуван трошок и си го пресметуваат трговците. Сега ќе ве прашам, сигурно знаете, сега пак го пресметуваат со плаќање со платежна картичка го вкалкулираат трошокот за провизијата која им ја зема банката. Тоа е првото.

Второто, ја спомнувате Србија. Пред три дена, бидејќи рековте да читам весници, еве читав пред три дена, дали прочитавте за Србија и за влијанието на платежната картичка врз економијата.

Ќе завршам со тоа, не сум против воведување на нови инструменти на плаќање, но сум против нешто како жабата кога ќе го види коњот, предвреме да трча. Тоа мора да има дел, да има траекторија, да има патека на движење. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе, почитуван министре, мислам дека овој амандман ќе беше добро да го прифатевте, нема потреба од нервоза кај сите дискутанти, а и кај вас, заради тоа што голем дел од пратениците можеби не се експерти по финансии, но сепак сакаат да помогнат овој закон кој регулира една сложена материја доживее или биде подобар од предложениот текст.

Што се однесува до самиот амандман, мислам дека во право е господинот Најдовски кога вели дека е добро да се воведат разни инструменти за плаќање и да се остваруваат истите, меѓутоа, мора да го знаеме степенот на развој на нашата држава.

Имено, ние можеби ќе ги направиме граѓаните дека се перверзни заради тоа што плаќаат или се запишуваат во некоја тетратка во некое село заради тоа што сеуште немаат исплати од земјоделските задруги од страна на Владата на разни земјоделски производи. Имено, потекнувам од еден таков крај, голем дел од земјоделците се запишуваат во гранапчето и секој први или втори во месецот од годината имаат можност да извршат плаќање. Мора и тоа да го имаме во предвид.

Добро е што велите вие дека не сакате да го разберете овој амандман, дека никогаш не сте соопштиле или директно не сте кажале дека треба да се укинат чековите по тековните сметки, јас имам разбирање за вашето залагање да се воведе поинаков ред во банкарскито систем и дека сакате на некој начин да ги регулирате директните спогодби кои беа пракса до сега во Република Македонија. Дури и сега она со ОКТА, има такви примери, добро е што сакате да ги санкционирате и да ги укинете.

Затоа ценам дека е добро овој амандман да биде прифатен од ваша страна. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање би ги повикал пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници за амандманот гласаа 59 од кои 13 за, 1 воздржан, против гласаа 45 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 за додавање нова точка 23 по точката 22, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман не се прифаќа, имено се предлага една активност на банките која е невообичаена за овие институции и не треба да стои во листата на активности што можат да ги вршат банките.

Имено, дистрибуцијата на готови пари до и од клиенти е трговска активност и банките можат да ја вршат преку формирање на посебни друштва.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Добро, мене ми е сосема јасно дека министерот, иако мислам дека од прилика ги гледа реалните ситуации, чисто заради суета нема да прифати еден амандман, но добро, и тоа е дел од политиката.

Овој амандман има сосема практична природа, на пример, претпоставувам дека на министерот му е јасно дека и во овој момент, ако ме слуша додека зборува со колегите пратеници, може и треба да биде свесен дека во овој момент банките обавуваат вакви активности.

Ние имаме ситуација каде комерцијалните банки по барање на своите клиенти кои се коминтенти и ги депонираат своите средства кај нив, бараат, заради сигурноста, безбедноста, ефикасноста, нивниот дневен пазар, сеуште во Република Македонија не се заживеани платежните картички иако говориме за релативни показатели, треба да го кажете вкупниот број на субјекти во оваа држава за да процениме колку се тие 9 илјади во месец не знам кој беше, но,како и да е, имаме ситуација каде што дали од страна на бензиски пумпи или од страна на ланци на супермаркети или ред други трговски субјекти има барања од банките да ги собираат нивните дневни пазари и преку својата мрежа на трансфер на пари ги носат во трезорот на овие комерцијални банки. Нормално банките за тоа наплаќаат, едноставно во описот и пописот, во списокот на активностите на банките не гледам дека претставува проблем да стои ваква точка 23, бидејќи на тој начин само ќе прецизираме тоа што сега ни се случува.

Јас мислам дека господинот министер прочита дека пред неколку дена имаше токму вооружен напад на слично такво комбе или какво возило на Тутунска банка кое токму оваа функција ја обавуваше.

Не гледам причина дека тоа што веќе е факт, само да не се легитимира во делот на активностите кои таксативно ги наведувате во членот 7, а сите оние активности кои се нови или ќе бидат дополнително вметнати ќе се опфатат со точката 24 која и вие самите сте ја предвиделе, а тоа подразбира друг тип на финансиски и други активности на комерцијалните банки.

Овде станува збор само за конкретизирање на фактичката ситуација која сите треба да ја знаат, едноставно само да ја нотираат во овој опис и попис на активностите на комерцијалните банки. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер,

Мислам дека амандманот може да го подобри текстот на законот заради тоа што постојат повеќе аргументи за тоа зошто треба овој амандман да биде прифатен.

Имено, оваа активност која се предвидува со овој амандман, значи предлагаме активнсот со која можат банките да предвидат да даваат услуги за преземање и транспорт на готовина за потребите на своите клиенти и со ова навистина би се овозможило еден сигурен транспорт од една страна, а од друга страна банките да го зголемат својот капацитет и да излезат во пресрет на потребите на клиентите со вршење на еден вид ваква услуга.

Втора работа, ова е пракса секаде во поголем број на земји во светот и ако веќе оваа работа егзистира, зошто би имало причина да не се регулира со законот кој што веќе го носиме.

Навистина, ценам дека овој амандман може да го подобри начинот на работење на банките во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање би ги повикал пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Би ги замолил уште еднаш пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да продлжиме со работа.

Бидејќи во тек е средба на групата за сорботка со Сојузна Република Германија, објавувам пауза 15 минути, а тоа е до 17,00 часот.

(Пауза од 16,16 часот).

(По паузата)

Почитувани дами и господа, бидејќи вон пленарните активности сеуште продолжуваат и покрај најавениот рок, тука ја прекинувам денешната седница.

Утре започнуваме во 11,00 часот со нова 44-та седница на Собранието.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот)